Родова анализа на доделените субвенции од Општина Велес во текот на 2020 и 2021 година

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

UN WOMEN

Родова анализа на доделените субвенции од Општина Велес во текот на 2020 и 2021 година

Автор:
Благородна Ампова, Зоран Јанкуловски

Ментори:
Златко Симоновски, Марија Ристеска, Ристе Јурковски

Партнерска организација:
Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија

Публикацијата „Родова анализа на доделените субвенции од Општина Велес во текот на 2020 и 2021 година„ е подготвена од Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со менторска поддршка од Центар за истражување и креирање политики во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

UN WOMEN

ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ

Според последниот попис од 2021 година, во Велес има 16.566 домаќинства и 18.630 станови. Број на жители според пописот во 2021 е вкупно 48.463, од кои 24.102 или 49.73% се мажи и 24.361 или 50.27% се жени. Општина Велес во 2020 година објавила повици за субвенционирање на физички лица за набавени сончеви колектори и велосипеди, а во 2021 година, покрај за овие, и за инвертер клима уреди. Сите повици се упатени до граѓани на Општина Велес, а критериумот е единствен за сите „прв дојден – прв услужен". Со тоа, воопшто не се земени во предвид други критериуми, не е предвидено бодување за доделување на средства, не се почитувани родовите принципи и рамномерната застапеност на двата пола, како и правичност и обезбедување еднаков пристап на сите граѓани.

Со анализа на податоците се доаѓа до следните сознанија:

За 2020 година:

- 56,48% од добитниците на субвенции по сите основи се мажи, а 43,52% се жени.
- Најголем родов јаз има во доделените субвенции за сончев термален колектор, каде 79,59% од добитниците се мажи и 20,41% се жени,
- Во случајот со доделувањето субвенции за набавка на велосипеди има рамномерна застапеност на двата пола (49,70% од добитниците се мажи, а 50,30% се жени). Но, оваа рамномерна застапеност не е поради тоа што дизајнот на мерката вклучувал родова перспективи, туку резултатот е случаен и се должи на подеднакво високата јавна свест и практика за возење велосипед која ја има и кај мажите и кај жените жители на Велес.

За 2021 година:

- Јазот меѓу мажите и жените се зголемува. Имено, 68,18% од добитниците на субвенции по сите основи се мажи, а 31,82% се жени. Споредено со 2020 година, во 2021 година бројот на добитниците жени е намален.
- И во 2021 најголем родов јаз има во доделените субвенции за сончев термален колектори тој се зголемува со оглед на тоа што 81,58% од добитниците се мажи и 18,42% се жени.
- Кај доделените субвенции за велосипеди во 2021 немаме родов баланс (60,67% од добитниците се мажи, а 39,33% се жени),
- Анализата на доделените субвенции за клима уреди презентира неповолна структура од родов аспект, бидејќи дури 71,43% од субвенциите се доделени на мажи и само на 28,57% се доделени на жени.

Дополнителни заклучоци:

- Дел од повиците се прекинати пред време поради исцрпени средства, иако согласно со Правилниците барањата се доставуваат во затворен плик, а комисијата ги разгледува по завршување на повикот.
- Во Правилниците за сончеви колектори и инвертер уреди, постои одредба според која повикот може да се прекине пред рокот, доколку се искористени средствата, што е нејасно како може да се случи, кога комисијата прв пат се состанува и ги проверува барањата,

- вклучително и документацијата во прилог, по завршување на повикот.
- Повикот за велосипеди во 2020 година е прекинат пред рокот, иако нема таква одредба во правилникот, а во 2021 година, дел од средствата не се искористени, иако постои одредба во Правилникот со која во овој случај **може** да се продолжи рокот (не е задолжително), ова не се случило.
- Без родовата перспектива да биде вградена во дизајнот на мерката, не може да се очекува рамномерно распределување на средствата за субвенции.

ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ЕВАЛУАЦИЈА

Целта на истражувањето е да се придонесе кон родово одговорно буџетирање, почитување на принципите на рамноправна застапеност на двата пола при доделување на средства на граѓаните и вклучување на родовиот аспект при креирањето на политиките на локално ниво.

За потребите на истражувањето се обезбедени квалитативни и квантитативни податоци, добиени преку следниве техники и методи на истражување: десктоп анализа (статут, стратешки документи, програми, планови, буџети, извештаи, вклучително и завршни сметки, јавни повици, известувања за доделени средства по основ на субвенции, законски и подзаконски акти поврзани со работењето на општините, со посебен осврт на финансиското работење и други публикации од истражувања кои се однесуваат на родовото буџетирање) и интервју со претставници од Општина Велес.

Пристапот на анализата вклучуваше и користење на алатки на родово одговорно буџетирање. Притоа беа применети следните чекори:

- Анализа на состојбата со мажи и жени, со посебно внимание на анализа на вработени/невработени и лица кои живеат во град и во село
- Процена на политиките од родова перспектива
- Процена на буџетските распределби од родова перспектива
- Креирање предлог за надминување на утврдените тесни грла
- Процена на влијанието кое го имаат политиките врз мажите и жените

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Општината постапува согласно со важечката законска регулатива и интерни акти. Во согласност со член 23 од Статутот на Општина Велес, општината има постојани комисии, меѓу кои и Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите. Општината има донесено Стратегија за локален економски развој на Општина Велес 2021-2025. Стратегиските цели произлегуваат од зацртаната развојна визија. Тие се во согласност со потребата да се надминат воочените диспаритети во економските и социјалните сфери и заштитата на животната средина. Оптималното користење на ресурсите подразбира нивно вклучување во овие процеси. Стратегиските цели содржат приоритети за имплементација. За ова истражување значајни се следните активности:

- субвенционирање за адаптација и реконструкција на сопствен станбен простор;
- непосредни интервенции за специфични целни групи
- поддршка на жените и женските здруженија за вклучување во спортот.
- субвенционирање на домаќинства за користење енергенси со помала загадливост;

ОПИС НА КОНКРЕТНИТЕ ПОЛИТИКИ КОИ БЕА АНАЛИЗИРАНИ ВО КОНТЕКСТ НА РОБ

Општина Велес во буџетот за 2020 година имала предвидено вкупно 1.000.000 денари за субвенции и во 2021 година имала предвидено вкупно 1.500.000 денари за субвенции. За предвидените средства се донесени соодветни програми и Одлуки за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице. Одлуките за 2020 година се објавени во „Службен Гласник" број 6 од 18 мај 2020 година, а за 2020 година во„Службен гласник" број 4 од 29 март 2021 година. Во наведените службени гласници се презентирани сите значајни документи согласно со повиците, со напомена дека повиците дополнително ќе се објават на веб страната на Општина Велес, без наведување точен датум кога ќе бидат објавени повиците. Не се презентирани информации дали е извршена консултација со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, која е постојана комисија на општината. Утврден е единствен критериум за доделување на средства, идентичен за сите повици – прв дојден прв услужен. Детали за условите кои барателите треба да се исполнат при поднесувањето на Барањето се елаборирани подолу во дел 5 од овој извештај.

Анализа на Правилници за доделување на средства

За поблиско определување на критериумите, советот на општината има усвоено Правилници. Во 2020 година се објавени два правилници (за велосипеди и сончеви колектори), кои се применувале и при доделување на субвенции во 2021 година:

- **Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен велосипед.**

- **Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор**

И во двата правилници **јавниот повик ќе се реализира по принципот „прв дојден, прв услужен"**. Во оваа мерка отсуствува родовата одговорност, односно не се препознаени потребите на жените, кои се различни од тие на мажите.

Правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен инвертер уред, донесен во 2021 година:
Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес, согласно со овој Правилник имаат жителите на Општина Велес кои ќе набават-купат и инсталираат инвертер клима уред во објект за домување (станбен објект) од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на завршувањето на повикот и ќе поднесат барање за надоместување на дел од трошоците за набавка на инвертер клима уред. Овде не се земени во предвид примањата на жените и мажите. Имено, жените вообичаено немаат исти примања со мажите, односно тие се пониски, а инвертерот во голема мера придонесува кон енергетска ефикасност. Во исто време, корисниците на објектот, а со тоа и инвертерот се и мажи и жени. Со тоа што не се познати барателите, ниту членовите на нивното семејство, не е јасно колкав е опфатот. Не се земени предвид други критериумии не е предвидена рамноправност, ниту полова, ниту социјален и економски статус, ниту каде живеат (урбана/рурална средина).

ОПФАТ, КОРИСНИЦИ, ЧИНИТЕЛИ

Согласно со правилниците и објавените повици, корисници се физички лица жители на Општина Велес, главен и основен критериум за секој повик е прв дојден прв услужен. Посредно, од објавените Правилници, се констатира дека треба да бидат исполнети следните услови:

1.За велосипед: физичкото лице е потребно да е жител на Општина Велес, да нема добиено финансиски средства за набавка на велосипед од кој било извор во Република Северна Македонија (не го искористил правото на субвенционирање по овој основ), купениот велосипед да не биде помал од 24" (инчи), односно да одговара на популација деца кои не се помали од 8-9 години, велосипедот да го купил од денот на објавување до денот на завршување на јавниот повик, односно до исцрпувањето на буџетот за оваа намена.

2.Право на субвенционирање на дел од средствата за купување на сончев термален колектор имаат физички лица кои се жители на Општина Велес и кои ги исполнуваат условите: да е жител на Општина Велес, само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање на надоместок, да нема добиено финансиски средства за набавка на сончев термален колектор од кој било извор во Република Северна Македонија (не го искористил правото на субвенционирање по овој основ), сончевиот термален колектор да го купил од денот на објавување до денот на завршување на јавниот повик, односно до исцрпувањето на буџетот за оваа намена, сончевиот термален колектор да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот, станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее, само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање на надоместок.

3.Право на субвенционирање на инвертер клима уред имаат физички лица – жители на Општина Велес кои ги исполнуваат следните услови: да нема добиено финансиски средства за набавка на инвертер клима уред од кој било извор во Република Северна Македонија (не го искористил

правото на субвенционирање по овој основ), инвертер клима уредот да е купен од денот на објавување до денот на завршување на јавниот повик, односно до исцрпувањето на буџетот за оваа намена, инвертер клима уред да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот, само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање на надоместок. Набавените уреди задолжително да ги имаат најмалку следните карактеристики: да имаат најмалку COP 3.2, да греат на надворешна температура од -15°C и бидат најмалку A+ енергетска класа за потрошувачка на електрична енергија за греење; да ги има платено сите такси и даноци кон Општина Велес заклучно со 2020 год. Жители на Општина Велес кои се вработени во општинската администрација немаат право на аплицирање.

БУЏЕТСКА АНАЛИЗА И ГЛАВНИ НАОДИ

Родова анализа на критериумите

Анализата на доделувањето на субвенциите од Општина Велес во 2020 и 2021 година наведува на заклучок дека ниту еден критериум и услов од Барањата не упатува дека се почитувани некои принципи, кои се пропишани со Закон за еднакви можности на жените и мажите или на кои се обврзала општината во своите стратешки документи.

Забележително е дека при доделувањето на субвенции за сончев термален колектор и инвертер клима уред се почитува принципот на доделување на една субвенција на „домаќинство/семејство“. Овие поими иако често се поистоветуваат, сепак се различни. Државниот завод за статистика ги појаснува овие поими на следниот начин: „Домаќинството, според нашата пракса, е економска категорија и се дефинира како група на лица кои живеат заедно, во ист стан и заеднички ги трошат своите приходи. Домаќинствата може да бидат самечки (само едно лице) или повеќечлени. Тие може да бидат семејни (едно или повеќе семејства), несемејни (составени од лица кои не се во семејни релации) или комбинирани (составени од лица кои формираат семејство и лица кои не се членови на семејство). Семејството, пак, е социолошка категорија и е дефинирано со закон. Семејството може да биде составено од најмалку две лица (нема едночлено семејство). „Семејство“ е дефинирано како заедница на две или повеќе лица кои живеат во исто домаќинство и кои се поврзани преку брак, друг вид на регистрација или договорна заедница (т.е. невенчани) партнери или како родител и дете/деца. Така, семејството се состои од пар без деца, или пар со едно или повеќе деца, или самохран родител со едно или повеќе деца. Кај семејствата со деца, важен момент е децата никогаш да не биле во брак.“

При доделување субвенции за велосипед можело да аплицираат повеќе членови на домаќинство/семејство.

Издвоени (планирани) и реализирани средства за субвенции во 2020 и 2021 година

Во однос на планираните и реализираните средства во 2020 и 2021 година, се констатира следното:

- Во 2020 година има издвоено средства за велосипеди и сончеви термални колектори во износ од по 500.000 денари за секој вид субвенции. Известени се лицата кои се добитници на средства, но не и износите кои ги добиле.
- Во 2021 година е зголемена транспарентноста, при што е известено и за средствата кои ги добива секое лице. За субвенции за купен велосипед има помала реализација за 133.000 денари, помала реализација за сончев термален колектор за 163.649 денари и помала реализација за инвертер клима уред за 5.123 денари. Иако со секој од Правилниците е предвидена можност да се продолжи рокот, доколку во целост не се искористат средствата, оваа можност не е искористена и роковите не се продолжени.

Во завршните сметки на Општина Велес за 2020 и 2021 година, како и во Годишниот извештај за 2020 и 2021 година се известени исплатите по основ на субвенции како групни износи, без наведување на поделба по пол. Списоците на добитници и во 2020 и во 2021 година се објавени на веб страната на општината, со тоа што во 2020 година не се објавени износи кои се доделени на секое лице, а во 2021 година се наведени износите.
Во 2021, вкупно доделени се 436,352.00 за сончеви колектори од кои 358,094.00 или 82.07% на мажи, а 78,258.00 или 17, 93% на жени. Истата година, доделени се 445,388.00 за инвертер клими од кои 315,819.00 или 70.91% на мажи и 129,569.00 или 29.09% на жени. Што се однесува до велосипедите, доделени се вкупно 267.000 од кои 162.000 или 60,67% на мажи, а 105.000 или 39,33% на жени.

Анализа на број на добитници на секој од повиците

На веб страната на општината не се објавени податоци за апликантите. На барање на Здружението, до моментот на изработка на оваа анализа, е добиено ветување дека ќе достават информација за барателите, но не се добиени податоци, поради што во оваа анализа не е можна споредба на баратели со добитници на субвенции. Податоците подолу се однесуваат само на добитници на субвенции.

Општина Велес секоја година објавува податоци со име и презиме на добитниците на субвенции. Во 2020 година се објавени само листи, без износи кои ги добило секое лице, а во 2021 година и износи кои ги добиле. Извршена е анализа по намена и по години на субвенции. Скоро секоја година, доминираат добитници мажи од урбани подрачја. Исклучок е првиот повик за субвенционирање на велосипеди во 2020 година, кога добитниците се рамномерно распоредени по пол. Ова не е поради критериум, туку едноставно апликантите кои први се појавиле на повикот биле рамномерно застапени од двата пола.

Според податоците од 2020, 56,48% од добитниците на субвенции се мажи, а 43,52% се жени. Најголем родов јаз има во доделените субвенции за сончев термален колектор, каде 79,59% од добитниците се мажи и 20,41% се жени, а во случајот со велосипеди има рамномерна застапеност на двата пола (49,70% од добитниците се мажи, а 50,30% се жени). Но, оваа рамномерна застапеност не е поради исполнети критериуми во бодување, но е случајна со оглед на тоа што при аплицирањето се пријавиле и жени.

Според податоците 2021, 68,18% од добитниците на субвенции се мажи, а 31,82% се жени. Споредено со 2020 година, во 2021 година бројот на добитниците жени е намален. Најголем родов јаз има во доделените субвенции за сончев термален колектор, каде 81,58% од добитниците се мажи и 18,42% се жени. Кај доделените субвенции за велосипеди има најмали диспаритети, но оваа година не е запазена родовата рамноправност (60,67% од добитниците се мажи, а 39,33% се жени), а кај клима уредите 71,43% се мажи и 28,57% се жени.

Сепак, ќе се добие поинаква слика доколку доделените субвенции се анализираат од поширок аспект. Попрецизно, доколку доделените субвенции се анализираат низ призмата на крајните корисници, односно семејствата и/или домаќинствата, тогаш ќе има побалансирана родова застапеност на корисниците. Ова е особено битно за доделувањето на субвенции за термални колектори и инвертен уреди. Тврдењето го поткрепуваме со практичното размислување дека апликантот за субвенции (подоцна и добитникот на субвенцијата) набавениот (и инсталираниот) термален колектор или инвертер уред ќе го користи не само за свои лични потреби туку и за потребите на своето семејство. Во таа насока, иако е многу тешко правилно да се разграничи и прецизно да се утврди точниот сооднос на жени и мажи од вкупниот број на крајните корисници, сепак, веруваме дека постои соодветна родова балансираност на крајните корисници. Овој пристап не би можело да се примени при анализата на субвенциите за набавки на велосипеди, пред се поради фактот што секој апликант има физички карактеристики кои влијаат при изборот и набавката на велосипедот (големината на рамот, големината на тркалото, типот на велосипед).

Во насока на надминување на определени одредби во критериумите на огласите за субвенционирање, потребно е да се посвети и должно внимание на сопственичката структура на недвижниот имот. Имено, доколку поголем број мажи се сопственици на недвижен имот, тогаш треба да се прилагодат критериумите за аплицирање на оваа состојба и при тоа на жените да им се овозможи рамноправна застапеност.

ДОБРИ ПРИМЕРИ И ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРАКТИКИ

При доделувањето на субвенции од општините бележиме слична практиката и кај другите општини кои имаат објавено повици. Општина Битола и Град Скопје на пример, користеле ист принцип – прв дојден прв услужен. Општина Кавадарци во повикот предвидуваат јавно извлекување на добитници. Министерството за економија има сличен пристап за доделување на средства за сончеви колектори, според редослед на добивање на апликации.

Слични се и практиките од Република Србија, каде се доделувале средства за велосипеди, но по 1 велосипед на домаќинство. Карактеристично е тоа што велосипедот мора да биде од домашно производство. Некои општини од Србија доделуваат средства за енергетска ефикасност (фасади на објекти со термо изолација, пвц прозорци, котли на гас и биомаса, грејни тела, топлотни пумпи, соларни колектори). Општина Зрењанин финансира правни лица за енергетска ефикасност.

Пример за бодување е јавниот повик за субвенционирање и поддршка на станбени згради за колективно домување со проектот „енергетски ефикасни домови“ во Општина Битола, каде се определени критериуми кои треба да ги поседува зградата за да бидат доделени средства.

Потребно е системско менување на принципите на доделување на средства и примена на родовиот принцип во главните процеси.

Заклучоци и препораки

Општина Велес има донесено Правилници со кои се уредува начинот на доделување на субвенции. Во овие правилници не е вклучена родовата компонента, ниту други критериуми кои би ги ставиле во рамноправна положба корисниците на средства. Во Правилниците не е предвидено бодување, нема предвидени дополнителни бодови за жени, жители на рурални средини, самохрани родители, повеќечлени семејства и сл. Од родов аспект неприфатливо е единствен критериум за доделување на субвенции да биде критериумот „прв дојден – прв услужен“, бидејќи не се почитувани родовите принципи и рамномерната застапеност на двата пола, како и правичноста и обезбедување еднаков пристап на сите граѓани. Дополнително, во критериумите за доделување на средства за колективни потреби, не се прави разлика меѓу домаќинство и семејство, а во формуларите за аплицирање нема наведено поле со кое барателите ќе наведат колку лица / членови на домаќинство, ќе бидат корисници на клима уред или на сончев колектор. Апликантите во барањето не треба да наведат дали се работи за лица во социјален ризик (самохрани родители, лица со ниски примања или без примања, семејство со лица со посебни потреби и сл), ниту да доставаат информација кои лица се нивно домаќинство, во кое име аплицираат. Во критериумите не се наведува односно нема посебни бодови за домаќинство со глава на семејство маж, домаќинство со глава на семејство жена (вдовица, разведена, самохрана мајка), лица кои живеат сами итн.
Дел од повиците се прекинати пред време поради исцрпени средства, иако согласно со Правилниците, барањата се доставуваат во затворен плик, а комисијата ги разгледува по завршување на повикот.

Непостоењето на прецизни правила и критериуми за доделување на општински субвенции генерира состојба на незадоволство и сомнеж кај граѓаните, а посебно го потенцира родовиот дисбаланс при доделувањето на средствата.

Во функција на обезбедување правична застапеност на двата пола при доделувањето на општинските субвенции ги предлагаме следните мерки и активности кои одат во насока на надминување на утврдените состојби:

- Промена на Правилниците за доделување на субвенции и предвидување на афирмативна акција (дополнителни поени) за апликанти – жени (со цел стимулирање на апликациите од жени и рамноправен третман) и/или утврдување на квота (број) на субвенции резервирани само за жени и/или користење на општ принцип на рамноправност каде освен пол, возраст, социјален/економски статус и местото на живеење можат да бидат дел од критериумите;

- Предвидување посебни бодови за домаќинство со глава на семејство маж, домаќинство со глава на семејство жена (вдовица, разведена , самохрана мајка), лица кои живеат сами итн.;
- Правилниците да се изменат со можност повикот да трае подолг период (на пример од јануари до јули), за да може граѓаните полесно да ги планираат сопствените буџети;
- Зголемување на информираноста пред објавувањето на огласите за субвенционирање;
- Утврдување на правила за бодување и/или квоти на субвенции наменети за жители на рурални средини, за жители кои се во социјален ризик – со ниски приходи, семејства со повеќе членови, еднородителски семејства, семејства со членови со посебни потреби и сл.;
- Средствата наменети за субвенции да се доделуваат на домаќинство, а не на семејство. При тоа, да се посвети внимание на доделување на субвенции на домаќинство со глава на семејство маж, домаќинство со глава на семејство жена (вдовица, разведена , самохрана мајка), лица кои живеат сами итн., и со наведување на лица кои се членови на тоа домаќинство во пријавата, што е истовремено во линија со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година ;
- Барањата за добивање на субвенции да се поднесуваат во утврдениот рок, односно да нема предвремено отворање на барањата и предвремено прекинување на приемот на барањата;
- При подготвувањето на листата за добитници на субвенции да бидат опфатени сите апликантни кои ги исполнуваат условите, а сумата на доделените субвенции да се утврди во рамките на расположливите средства и според прецизно утврдени критериуми;
- Зголемување на нивото на транспарентност на општината за начинот на доделување на субвенции, бодувањето и лицата добитници на субвенциите, а пласираните на информации за доделените субвенции на веб страната на општината да бидат лесно достапни.

На краток рок, примената на новите правилници ќе придонесе за рамноправен третман со почитување на родовите принципи и нивно вклучување во главните текови. На долг рок ќе се зголеми транспарентноста и довербата во локалната самоуправа.

Потребно е општината да делува во насока на правилно информирање на сите заинтересирани чинители и да ги насочи жените да бидат економски стабилни, самостојни и вклучени во буџетскиот процес.

Литература:

Статут на Општина Велес

Извештај за проценката на имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите на централно ниво Авторка: НедаЧаловска-Димовска, Скопје, октомври 2019

ЧУВАРКИ на јавното ќесе – Скопје: Центар за истражување и креирање политики, Скопје, 2008

Handbook on Gender Mainstreaming for Gender Equality Results, UN Women

Како до родово еднаква општина: водич за општинската администрација - Скопје: Реактор - истражување во акција, 2019

Закон за локална самоуправа, достапен на следниот линк
https://mls.gov.mk/images/laws/zakoni/Zakon%20za%20lokalnata%20samouprava.pdf

Закони од областа на еднакви можности, достапни на следниот линк:
https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

Закони и подзаконски акти за финансирање на ЕЛС, достапни на следниот линк:
https://finance.gov.mk/%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82-%d0%b8-%d1%84%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%b5%d0%bb%d1%81/

Стратегии и програми на Општина Велес, достапни на следниот линк:
https://veles.gov.mk/strategii-i-programi/